Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 октомври 2025 година

Скопје, октомври 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 октомври 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата учествуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и Снежана Нааковска, претставник од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлуки за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи

2. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ги разгледа предлог-одлуките за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи (усогласени со Секретаријатот за законодавство) и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Министерството за финансии), усогласена со Министерството за финансии.

2. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (четири возила од Министерството за социјална политика, демографија и млади).

3. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (пет возила од Министерството за правда).

4. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (шест возила од Министерството за образование и наука), усогласена со Министерството за образование и наука.

5. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (три возила од Министерството за локална самоуправа).

6. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (три возила од Министерството за култура и туризам).

7. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Министерството за дигитална трансформација), усогласена со Министерството за дигитална трансформација.

8. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Министерството за здравство).

9. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Министерството за економија и труд).

10. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (четири возила од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство).

11. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи (едно возило од Министерството за одбрана).

12. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (12 возила од Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје).

13.Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи (едно возило од Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје).

14.Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Дирекцијата за заштита и спасување).

15.Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (10 возила од Центарот за управување со кризи) и

16.Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини).

* * *

Владата на Република Северна Македонија на Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2025 година, по однос на точка 1. Предлог-одлуки за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, ги донесе одлуките за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, усогласени со Секретаријатот за законодавство.

По завршувањето на седницата на Владата, од страна на Министерството за внатрешни работи е констатирано дека има потреба од дополнително усогласување на Предлог-одлуката со која на Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари-моторни возила и поради тоа е прикачен нов текст на истата, кој е реализиран.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:05 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | Љупчо Димовски |

Подготвил: Христијан Николов, советник
Проверил: Никола Пасков, пом. рак. на сектор
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор